**20160050217**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2016 година.

Бр. 08-290/1
14 јануари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 42/14, 116/14 и 33/15), во членот 24 став (2) точка 5) во алинејата 4 точката и запирката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Во членот 43 став (2) во точката г) зборовите: „или Аптис,“ се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај на избор на преодна Влада согласно со членот 43 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15), мандатот на секретарот продолжува до истекот на мандатот на преодната Влада.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 3

Во членот 44 став (3) точка г) во алинејата 1 зборовите: „или Аптис;“ се бришат.

Член 4

Во членот 45 став (4) во точката г) зборовите: „или Аптис;“ се бришат.

Член 5

Во членот 46 став (3) во точката г) зборовите: „или Патис“ се бришат.

Член 6

По членот 208 се додава нов член 208-а, кој гласи:

„Член 208-а

На државниот секретар именуван, односно назначен до денот на влегувањето во сила на овој закон му продолжува мандатот до истекот на мандатот на преодната Влада избрана согласно со членот 43 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15).“

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.